# Детален опис на производите за промоција
# и план за нивна дистрибуција

## 1. Систем за управување со содржини (веб место)

Овој производ е замислен да направи презентација на активностите поврзани со „Сподели“ на Интернет. Имплементацијата на системот ќе вклучува различни модули кои ќе овозможат остварување на различни цели.

Системот за управување на содржини ќе вклучува **блог секција** која ќе овозможува хронолошки преглед на минатите и актуелни активности во рамките на „Сподели“. Блогот ќе овозможува продолжување на дебатите на различни прашања и после самите настани што резултира во зголемување на партиципацијата на целните групи.

Модулот за **онлајн соработка** (wiki wiki систем) го помага заедничкото творештво, размена на искуства, знаење, вештини и идеи. Светски познат проект кој користи ваков систем е Wikipedia а сајтот на „Сподели“ ќе го користи за вклучување на заедницата, ориентирана околу активностите на проектот, во креирање на нови производи кои ќе бидат отворени и достапни за сите.

Системот за споделување на дигитални содржини овозможува размена и користење на авторски дела во дигитален формат. Ова овозможува промоција на културни содржини кои се дел од слободната култура на споделување, а сајтот ќе стане централно место каде ќе можат да се промовираат содржините на уметниците кои творат и ги даваат своите дела на слободна употреба.

Целиот сајт вклучува апликации кои функционираат според начелата на Web 2.0. Оваа технологија која подразбира децентрализирано креирање на содржини фокусирано на корисниците и заедницата, ќе овозможи сајтот на „Сподели“ да биде едно од главните места од каде целните групи но и поширокатa јавност би почнале да ги истражуваат идеите кои стојат позади „културата на споделување“, но и да овозможи место на Интернет каде ќе може да се промовираат и различни настани и содржини кои се дел од целата основна идеја позади „Сподели“.

## 2. Постер

Овој производ е замислен да овозможи презентација на активностите и идеите на „Сподели“ преку кратки пораки.

Постерот ќе содржи слики и пароли кои ќе ја промовираат културата на споделување а ќе нуди и кратки информации за тоа што се случувало на минатите активности и што ќе се случува на идните активности.

Постерот е планирано да се изработи во колор, формат – B2 и во тираж од околу 200 примероци.

## 3. Брошура

Брошурата е производ кој во содржинска смисла е замислен како мост помеѓу постерите и веб сајтот, каде ќе можат да се најдат најмногу информации.

Производот ќе содржи воведни информации за идејните основи на културата на споделување, светски и македонски примери од ова културно движење. Брошурата ќе содржи и информации за изминатите и тековни активности на проектот

„Сподели“.

Брошурата ќе содржи 8 А5 колор страни и ќе биде испечатена во тираж од 1000 примероци.

## 4. Работилница за новинари

Оваа работилница е замислена да им понуди иницијална едукација на новинарите а на неа можат да присуствуваат студенти по новинарство од школата на МИМ.

Работилницата ќе се состои од две сесии. Во нив ќе се даде вовед во идеите на слободната култура (културата на споделување), ќе се претстави проектот „Сподели“ а ќе се разговара и за авторските права и лиценци во контекст на актуелните прашања за размена на музика, филмови и други културни содржини преку интернет.

Ова предавање е планирано да се одржи во културниот центар „Точка“ во месец октомври а предавачи ќе бидат Новица Наков и Игор Стаматовски.

Како дополнение на промотивните активности ќе се изготви и DVD со линукс дистрибуцијата Fedora на македонски јазик, во тираж од 5000 кое ќе се дели за време на активностите на „Сподели“.

## *План за дистрибуција*

Дистрибуцијата на промотивните материјали ќе ја земе предвид потребата од директен контакт со целните групи. За таа цел, материјалите ќе бидат дистрибуирани на локациите каде се одвиваат настаните на проектот „Сподели“ (ФЕИТ и културен центар „Точка“), останатите образовни институции поврзани со технологијата, библиотеки и книжарници. Промотивните материјали кои ќе се употребуваат надвор од локациите каде се одвива „Сподели“ ќе бидат постерите, а во книжарите и библиотеките брошурите заедно со дисковите ќе се делат со книги кои на определен начин се поврзани со темите кои се разработуваат со проектот. Така, прецизно се таргетираат целните групи.

Интернет промоцијата на веб сајтот ќе се прави преку блогосферата кај блогерите кои пишуваат за овие теми.